АГЕНЦИЈА
Бр. 13-192/2
31.08 2020 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември "
ГТЦ втори кат, секција 6, локал 116
П. ФАХ 160 1000 Скопје

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

До: Адвокат [redacted]
ул.23 [redacted]
1000 Скопје

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

*Почитуван г-дин [redacted],*

По однос на вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер од 14.08.2020 год., во прилог на овој допис Агенцијата за пошти Ви ги доставува Општите услови за обезбедување на поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај од давателот на поштенски услуги ИН ПОШТА Радески ДООЕЛ Скопје.

Со почит.

Прилог: Општи услови

Директорат за регулатива,лиценцирање
и правни работи
Олга Манчевска-раководител

Агенција за пошти
Директор,
Билјана Аврамоска – Ѓореска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
СКОПЈЕ

Доставено до:

- Адвокат [redacted] (копија бр.1)
- Агенција за пошти (копија бр.2)

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ - СКОПЈЕ
Примено: 16.02.2016
Орг. един. | Број | Прилог | Вред.
Ini Sp. 02-05/2016

(3)

# Правилник

## Општи услови за обезбедување на поштенски услуги во внатрешен поштенски сообраќај

Ин Пошта Радески ДООЕЛ Скопје располага со пункт за прием на пратките лоциран на ул. Кеј 13 Ноември бр. 28 - Скопје во центарот на градот. На истата локација се наоѓа и call центарот, каде се најавуваат пратките, а нашите администратори одговараат на повиците на нашите клиенти и ги координираат куририте, за пратките да стигнат навреме. Располага и со магацински простор за чување, складирање и сортирање на пратките.

Ин Пошта Радески располага со возен парк, составен од леки коли и мопеди, со кои врши дистрибуција на поштенските пратки.

Ин Пошта Радески ги врши следниве поштенски услуги: достава на обични писма, препорачани услуги, вредносни услуги, експресни услуги, курирски услуги во кои спаѓаат поштенски пратки и пакети од 2-10 кг, достава на габаритни пратки над 10кг и достава на пратки со посебен начин на достава по други закони.

Доставата на пратките е пропратена со соодветен докумет за испраќачот и за примателот на пратките. Во адресницата од точка 1 до точка 9 се наведуваат основни податоци за испраќач, примач на пратката и видовите на пратки, тип на поштенски услуги, вид на поштенска услуга која го опишува начинот на достава, дали истата ќе се изврши во рок од 24 часа или доставата ќе биде експресна, во согласност со договорениот рок, детали за наплата на поштенската услуга, начин на плаќањето на поштенската услуга, простор за забелешка и потврда од примач за извршена поштенска услуга.

### Начин на достава на обични писма

Писмо е адресирана поштенска пратка за коресподенција во затворен плик.

Доставата на писма се врши со најава од испраќачот во call центарот. Испраќачот има можност да го донесе писмото до пунк самостојно или курир ја превзема пратката од дадената адресата и ја доставува до дадената адреса од испраќачот и притоа го евидентира на самата адресница начинот на достава - како е извршена доставата - дали писмото е оставено во сандаче или со потпис на прималтел доколку затекне некого на соодветната адреса.

### Начин на достава на препорачани пратки

Препорачана пратка е услуга со која паушално се гарантира против ризици од губење, ограбување или оштетување на пратката и на испраќачот му се обезбедува доказ за успешна достава.

Доставата на препорачани пратки се врши со најава на пратката од испраќачот во call центарот. Курир ја превзема пратката од адресата на испраќачот, потполнува адресница и ја доставува пратката на соодветната адреса притоа на самата адресница е задолжителен потпис на примателот. Истата служи како доказ за испраќачот.

**Начин на достава на вредносни пратки**

Пратката со означена вредност е услуга со која се осигурува поштенската пратка до вредноста, која ја означил испраќачот но не и над таа вредност, во случај на губење, ограбување или оштетување на пратката.

Доставата на вредносни пратки се врши со најава на пратката од испраќачот во call центарот. Курир ја превзема пратката од адресата на испраќачот, потполнува адресница, ја забележува вредноста на пратката назначена од испраќачот со што ја осигурува пратката до вредноста што ја означил испраќачот и ја доставува пратката на соодветната адреса. Притоа на самата адресница е задолжителен потпис на примателот. Истата служи како доказ за испраќачот.

**Начин на достава на експресни пратки**

Експресни услуги претставуваат, најбрза дистрибуција на поштенски пратки.

Доставата на експресни пратки се врши со најава на пратката од испраќачот во call центарот. Истата ја назначува како експресна со што бара нејзино доставување во најкус можен рок, истиот ден во работно време. Курир ја превзема пратката од адресата на испраќачот, потполнува адресница и ја доставува пратката на соодветната адреса во договореното време. Притоа на самата адресница е задолжителен потпис на примателот. Истата служи како доказ за испраќачот.

**Курирски услуги**

Курирски услуги претставуваат поштенски услуги на превземање и директно доставување на поштенски пратки, на примачот под постојана придружба на службено лице.

Доставата на курирски пратки се врши со најава на пратката од испраќачот во call центарот. Курир ја превзема пратката од адресата на испраќачот, потполнува адресница и ја доставува на соодветната адреса. Притоа на самата адресница е задолжителен потпис на примателот. Истата служи како доказ за испраќачот.

Пратка со откупнина – Рок за враќање на откупнината кај испраќачот е 3-5 дена од доставата на пратката. Во овој рок не се пресметани неработни денови и празници.

**Начин на лична достава на пратки со посебен начин на достава по други закони.**

Доставата на пратки со посебен начин на достава по други закони се врши со најава на пратките од испраќачот во call центарот. Курир ги превзема пратките од адресата на испраќачот, ги прегледува и се потпишува на спецификацијата со што го потврдува приемот на истите. Овие пратки се спакувани во посебни доставници за правни или физички лица и се пропратени со посебни известувања за евидентирање на начинот на достава. Пратките се доставуваат само со прв обид или со последователен втор обид во зависност од барањата на испраќачот, лично на име на носителот на пратката. Доколку лицето е затечено на адресата, успешната испорака се евидентира на доставницата со потпис на лицето примач и со потпис на доставувачот што ја извршил доставата и евиденција на време во кое е извршена доставата и дел од доставницата се враќа на испраќачот. Доколку истиот не се затекне на адресата, се остава известување за неуспешен прв обид на достава. Доколку лицето не се јави за да ја подигне пратката, се врши втор обид на достава. Успешната достава при вториот обид се евидентира во доставницата со личен

потпис на примател и со потпис на доставувачот и евиденција на време во кое е извршена доставата. Доколку лицето и овојпат не се затекне на адресата се остава известување за препорачана пратка во кое е наведен денот од кој започнува законскиот рок од 8 дена во кои лицето примател на пратката треба да ја подигне истата, во спротивно истата по истекот на овие 8 законски дена му се враќа на испраќачот.

Во случај на недоставување на пратките, општо за сите видови на пратки поради недоволна адреса, или кога лицето е починато, иселено или е констатирано дека воопшто нема такво лице на таа адреса, тогаш пратката се враќа кај испраќачот.

Приемно време за прием на пратките е од 08.30 до 16.30 часот. Примените пратки се доставуваат истиот ден или во рок од 48 часа од приемот во зависност од видот на пратката.

Цената на сите пратки е наведена во ценовникот на Ин Пошта Радески. За пратките од испраќач до примател и повторно до испраќач на постоечката цена се доплаќа плус 50 денари. Ценовникот на Ин Пошта Радески е според законските ограничувања за резервирана услуга.

**Забранета содржина на поштенските пратки**

(1) Забрането е поштенските пратки да содржат:
- опојни дроги, освен ако испраќачот или примачот не е лице кое е законски овластено да тргува или да користи вакви материи,
- експлозивни, запаливи, радиоактивни или други опасни материи,
- живи животни,
- предмети чиј увоз и промет се забранети во одредишната земја,
- предмети кои се опасни за вработените кај давателот на поштенски услуги,
- предмети што се забранети со актите на Светскиот поштенски сојуз и
- други материи и предмети чие пренесување е забрането, согласно со овој и друг закон.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеја 2 на овој член опасните материи што се разменуваат меѓу надлежните институции можат да се пренесуваат со поштенски пратки на начин и под услови утврдени со закон.

(3) По исклучок од ставот (1) алинеја 3 на овој член поштенските пратки, различни од пратките со означена вредност, е дозволено да содржат пчели, пијавици и свилени буби.

(4) Давателите на поштенски услуги се должни да ги достават поштенските пратки што содржат материи или предмети од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член, со оглед на нивната природа и степен на ризик до надлежните државни органи и институции.

(5) Начинот на постапување со пратките за кои ќе се утврди дека содржат супстанции или предмети од ставот (1) на овој член се уредува со актите од членот 48 на овој закон.

**Начин на користење на поштенските услуги.**

Корисниците на нашите услугите истите можат да ги користат преку:
- повикување на телефон,
- преку електронска пошта

и со лично преземање од просториите на испраќачот.
Плаќањето се врши по основ на доставена фактура за извршена услуга.

**Корисниците на поштенски услуги имаат право да поднесат рекламација.**

Приемот на рекламации или приговор се прима, изјавена во писмена форма, на е-маил адреса или телефон.
Одговорно лице Жарко Радески, телефон за контакт 078-498-405, истиот е означен на адресницата за полесен пристап на испраќачите.

(2) Испраќач има право да поднесе писмена рекламација до давателот на поштенските услуги во рок од три месеци од денот на испраќањето на пратката.

(3) Корисниците на поштенски услуги можат да поднесат рекламација за обични поштенски пратки без право за надоместок на штета.

(4) Примач на поштенски услуги има право да поднесе рекламација веднаш, ако оштетувањето е:
- видливо од надвор и
- во рок од 24 часа од приемот на поштенската пратка ако оштетувањето не е видливо однадвор, под услов примачот да докаже дека оштетувањето или намалувањето на содржината на поштенската пратка настанало пред нејзиното врачување.

(5) Доколку корисникот на поштенските услуги не поднел рекламација во предвидениот рок го губи правото за надоместок на штета.

(6) Давателот на поштенските услуги е должен да прими рекламација и да одговори на поднесена рекламација:
- во рок од 30 дена за поштенски пратки во внатрешниот поштенски сообраќај и

**Висина за надоместок за настаната штета и надомест на истата**

(1) Давателот на поштенските услуги е должен на корисникот на поштенските услуги да му исплати надоместок за настаната штета, и тоа:
а) за губење или целосно оштетување на:
- поштенска пратка со означена вредност во висина на нејзината означена вредност и
- препорачана поштенска пратка и пакет, 15 пати од износот платен за услугата;
б) за делумно оштетување на поштенска пратка или ограбување на пратка:
- за поштенска пратка со означена вредност во висина на нејзината стварна настаната штета, но не поголема од означената вредност и
- за препорачана поштенска пратка и пакети, десет пати од износот платен за услугата и
в) за пречекорување на рокот за достава на:
- приоритетни поштенски пратки, се плаќа десет пати од износот платен за услугата и
- неприоритетни поштенски пратки се плаќа пет пати од износот платен за услугата.

(2) Во случаите од ставот (1) точка а) на овој член, давателот на поштенските услуги покрај надоместокот е должен да го врати и износот платен за услугата, намален за износот платен за препорачано ракување или ракување за пратка со означена вредност.

(3) Ако покрај пречекорување на рокот за достава на препорачана поштенска пратка, пратка со означена вредност и пакет настане и делумно оштетување или ограбување на пратката, од давателот на поштенските услуги не може да се исплати надоместок поголем од означената вредност на поштенската пратка.

(5) Давателот на поштенските услуги не е одговорен за индиректно настаната штета на поштенските пратки

**Правилникот со општи услови за обезбедување на поштенски услуги стапува на сила веднаш.**

Скопје, 15.01.2016
Ин Пошта Радески